МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ



# ПОКАНА

за присуство на
научна конференција на МАНУ

28 октомври 2022 | 10 до 15 ч.,
Малите сали на МАНУ.

Почитувани,

Во рамки на научно-истражувачкиот проект „Димитрија Чуповски (1878–1940) и ‘Македонското научно-литературно другарство во Петроград’ (1902–1917)“ на Одделението за лингвистика и литературна наука на МАНУ (2020–2022), на 28 октомври 2022 година ќе се одржи третата, завршна научна конференција.

Предвидени се две одделни сесии со петнаесет реферати на седумнаесет учесници – членови на МАНУ, универзитетски професори и научни работници од Институтот за историја и Институтот за македонски јазик. Предмет на истражување на излагањата се гледиштата на членовите на МНЛД – С.–Петербург (1902–1917) во врска со македонскиот јазик, литература, култура, историја и народ, во балкански и европски контекст.

Програмата и Книгата на апстракти се дадени во прилог на оваа покана, во посебни фајлови.

Научната конференција ќе ја отвори претседателот на МАНУ, академик Љупчо Коцарев.

Чест ни е да ве поканиме да присуствувате на овој значаен собир кој ќе се одвива во малите сали на МАНУ, од 10 до 15 часот (пауза во 12 ч.).

Со почит,

Одделение за лингвистика и литературна наука
**Секретар**,
акад. Катица Ќулавкова